# Владимир Лукаш: Не сме слободни сè додека не си се спротивставиме себеси

Од **Биљана Стојановска** - 11:00 19.04.2018



Владимир Лукаш е музичар, визуелен уметник, поет, прозаист…Активно работи во сите сфери на уметноста, а светот без луѓе како него би бил многу сиромашно место за живеење.

**Не се сакате себеси кога…**

– Секогаш се сакам себеси, но оддалеку.

**Човекот без страст би бил…**

– Мермерен бирократ.

**Кога после смртта би се реинкарнирале, би сакале да се родите како…**

– Света крава во пролетна ливада.

**Животот без секојдневни ритуали би бил…**

– Како комарец што се плаши од крв.

**Да можете да ја искомпонирате музиката што ќе отсликува вашиот живот би звучела како…?**

– Дедлајнерски блуз.

**Да не се сомневаш во себе значи…**

– Да си тој од другата страна на огледалото.

**Луѓето со лоша смисла за хумор се…**

– Секој хумор е добар, без разлика дали е смешен или не.

**Идеално општество е она во кое…**

– Идеите би виселе на дрвјата како највкусни овошки – достапни за сите, за разлика од сега – кога на дрвјата висат идеалистите-правдоборци.

**Не сме слободни сè додека…**

– Се плашиме да се спротиставиме на себеси.

**Кога секој ден би морале да јадеме сладолед, вашиот би бил со вкус на…**

– Кога би морале, сладоледот би бил невкусен.



**Биљана Стојановска**